УЖ-2.бр.306/2021

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите Владанка Панчурова Сулејманова–претседател на советот, Емрије Зубери Амити и Дијана Димитрова - членови на советот, со записничар Билјана Тодоровска, судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот ТП за вештачење и проценка Др Анастас Џуровски од Ресен, изјавена против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.168/2021 од 09.04.2021 година, за јавна набавка, на седницата на советот одржана на ден 21.10.2021 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Жалбата на тужителот ТП за вештачење и проценка Др Анастас Џуровски од Ресен, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.168/2021 од 09.04.2021 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.168/2021 од 09.04.2021 година, ја одбил како неоснована тужбата на тужителот ТП за вештачење и проценка Др Анастас Џуровски од Ресен, изјавена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки, бр.09-52/12 од 20.01.2021 година. Со решение барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката го одбил како неосновано.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужителот поради, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог Вишиот управен суд жалбата да ја уважи, Пресудата на управниот суд да ја преиначи на начин што ќе го усвои тужбеното барање на тужителот.

Вишиот управен суд, по извршениот увид во списите на предметот, ценејќи ги наводите во жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 79 став 1 од Законот за управните спорови, најде:

Жалбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган Општина Карпош спровел постапка за јавна набавка со Оглас за

јавна набавка од мала вредност бр.19300/2020 за набавка на услуги – процена на штети од природни непогоди и други несреќи на движен и недвижен имот на граѓани, приватни фирми, државни установи, институции, како и имотот на Општина Карпош, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр.11-7549/7 од 27.11.2020 година. Постапката била неделива и била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки и истата се спроведувала со користење на електронски средства преку ЕСЈН, во која како критериум за избор била предвидена економски најповолната понуда врз основа на цената и ќе заврши без спроведување на Е-аукција, а од понудувачите било побарано да достават документ за регистрирана дејност, Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитетно извршување на договорот од 10%. Во текот на постапката, имајќи го предвид карактерот и видот на постапката, биле спроведени сите процесни дејства согласно Законот за јавни набавки. До крајниот рок за поднесување на понудите – 25.12.2020 година пристигнале вкупно четири понуди кои биле отворени од страна на Комисијата при договорниот орган, за што бил составен и Записник од отварањето на понудите од 25.12.2020 година, па по извршената проверка на комплетноста и валидноста на понудите, како и по извршената евалуација на понудите, врз основа на Извештајот од спроведена постапка бр.39-7549/11 од 30.12.2020 година, Комисијата за јавни набавки дала предлог до одговорното лице на договорниот орган како најповолна понуда да биде избрана понудата на економскиот оператор ТП за вештачење и проценка Др Анастас Џуровски од Ресен, по што ваквиот предлог бил прифатен и била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда бр.11-7549/12 од 30.12.2020 година.

Против оваа одлука, економскиот оператор РАЦИО ГРУП ДООЕЛ – Куманово поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со оспореното Решение бр.09-52/12 од 20.01.2021 година ја уважила и ја поништила Одлуката за избор на најповолна понуда бр.11-7549/12 од 30.12.2020 година, како и постапката за избор на најповолна понуда, со образложение дека договорниот орган при изготвување на Тендерската документација во делот на критериум за избор на најповолна понуда требал да го има предвид членот 99 став 4 од Законот за јавните набавки, односно не смеел да ја наведе цената како единствен критериум за избор на најповолна понуда во случај кога цената на предметот на набаката е пропишана со закон или друг пропис.

Незадоволен од наведеното решение, тужителот повел управен спор. Управниот суд постапувајќи по тужбата на тужителот донел Пресуда У-5.бр.168/2021 од 09.04.2021 година, со која ја одбил како неоснована тужбата на тужителот ТП за вештачење и проценка Др Анастас Џуровски од Ресен, изјавена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-52/12 од 20.01.2021 година, со образложение дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот.

Вишиот управен суд најде дека одлуката на Управниот суд е правилна и законита.

Согласно членот 48 став 1 и став 2 точка 2 в.в. став 4 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ" бр.24/2019), договорниот орган може да врши набавки од мала вредност на стоки и услуги со проценета врдност до 10.000 евра во денарска противвредност и на работи до 20.000 евра во денарска противвредност преку електронскиот пазар на набавки од мала вредност на ЕСЈН за набавки на стандардни стоки и услуги, во кој случај ја избира понудата со најниска цена која е во согласност со барањата и условите од краткиот опис на предметот на набавката.

Согласно членот 99 став 4 од Законот за јавните набавки, доколку цената на одредена стока или надоместокот за одредена услуга е пропишан со закон или друг пропис, договорниот орган нема да ја користи цената како критериум за избор на најповолна понуда во постапката за јавна набавка.

Вишиот управен суд цени дека од страна на Управниот суд правилно е одлучено кога е прифатена одлуката на туженинот орган како правилна и законита со оглед на тоа што во целост се утврдени фактите кои се битни за одлучување, врз основа на кои правилно се применети материјалните одредби.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Вишиот управен суд смета дека Управниот суд правилно постапил кога утврдил дека тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога со оспореното решение ја уважил жалбата на економскиот оператор РАЦИО ГРУП ДООЕЛ – Куманово и ја поништил одлуката за избор на најповолна понуда, како и постапката за избор на најповолна понуда. Имено, правилно тужениот орган и Управниот суд утврдиле дека иако во конкретниот случај се работи за набавка од мала вредност каде како критериум за избор на најповолна понуда е најниската цена, сепак во овој случај цената на конкретниот предмет на набавката (услуги за процена на недвижен имот) е пропишана со подзаконски акти во кој случај договорниот орган не може да ја користи цената како единствен критериум за избор на најповолна понуда, како што е направено во конкретниот случај, туку во склоп на останати критериуми како дел од економски најповолна понуда.

Вишиот управен суд при одлучување ги ценеше жалбените наводи на тужителот дека фактичката состојба е погрешно утврдена и дека погрешно е применето материјалното право, односно дека тужениот орган, а претходно и договорниот орган навеле дека согласно член 99 став 4од Законот за јавни набавки цената не требало да се користи како единствен критериум за јавната набавка, но дека таква одредба во законот не постои, меѓутоа судот ги оцени како неосновани имајќи ги во предвид напред образложените причини.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 80 став 1 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Виш управен суд на ден 21.10.2021 година под УЖ-2.бр.306/2021.

| | |
|---|---|
| Записничар - судски соработник | Претседател на совет - Судија |
| Билјана Тодоровска с.р. | Владанка Панчурова Сулејманова с.р. |

/МА

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник